**20182254123**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 114 став (5) и член 117 став (2) од Законот за квалитет на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ број 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИТЕ И НАЧИНОТ НА ОДРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И НАЧИНОТ НА ПАКУВАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ПЧЕЛИ ПО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ ([*])

Член 1

Во Правилникот за стандардите и начинот на одредување на квалитетот и начинот на пакување и означување на производите од пчели по однос на квалитетот (*[1]) („Службен весник на Република Македонија“ број 68/11) во членот 2 ставот (6) се менува и гласи:

„Без да е во спротивност со член 3 став (1) точка б) алинеја 6 од овој правилник, од медот не може да се отстранат полен или било која друга состојка, доколку истото е неизбежно при отстранувањето на туѓи неоргански или органски материи.“.

Член 2

(1) Во членот 14 ставот (7) се менува и гласи:

„ На декларацијата треба да се наведат земјата или земјите на потекло од каде што медот бил собран.“.

(2) По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Без оглед на став (7) од овој член, медот кој потекнува од повеќе од една земја, или од трета земја, означувањето на земјите на потекло треба да се замени со една од следниве ознаки:

1) „мешавина од мед која потекнува од Република Македонија и други земји “;

2) „мешавина од мед која потекнува од земји на ЕУ“;

3) „ мешавина од мед која потекнува од земји кои не се во ЕУ “ и

4) „ мешавина од мед која потекнува од земји на ЕУ и од земји кои не се во ЕУ“.

(3) По ставот (8) кој стана став (9) се додава нов став (10) кој гласи:

„(10) Поленот кој е природно составен дел на медот, нема да се смета дека е состојка во рамките на значењето на член 3 став (2) точка 5) од Правилникот за информации поврзани со храната (*[2]).“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-10982/3 | Министер за земјоделство, |
| 22 ноември 2018 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Николовски,** с.р. |

---

([*]) Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 2014/63/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за надополнување на Директивата на Советот 2001/110/ЕЦ за мед (CELEX број 32014L0063).

---

(*[1]) Правилникот за стандардите и начинот на одредување на квалитетот и начинот на пакување и означување на производите од пчели по однос на квалитетот е усогласен со Директивата на Советот 2001/110/ЕЦ од 20.12.2001 година за мед (CELEX број 32001L0110) и
(*[2]) Членот 3 став (2) точка 5) од Правилникот за информации поврзани со храната е усогласен со точка ѓ) од член 2 став (2) од Регулативата (ЕУ) бр. 1169/2011 на Европскиот Парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за давање на прехранбени информации на потрошувачите, за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 1924/2006 и (ЕЗ) бр. 1925/2006 на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Директива 87/250/ЕЕЗ на Комисијата, Директива 90/496/ЕЕЗ на Советот, Директива 1999/10/ЕЗ на Комисијата, Директива 2000/13/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, Директивите 2002/67/ЕЗ и 2008/5/ЕЗ на Комисијата и Регулатива (ЕЗ) бр. 608/2004 на Комисијата (CELEX број 32011R1169).